// # СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 22 Декември 2006 година<br>Службен гласник број 15<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НАОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

1. Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на Општина Прилеп за 2007 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2438/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.12.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 45 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ" бр.53/2001 ) и член 43 точка 7 од Статутот на Општина Прилеп („Сл.гласник на Општина Прилеп бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 21.12.2006 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2007 ГОДИНА**

**В О В Е Д**

ОВАА ПРОГРАМА СОДРЖИ:

1.Простор кој е предмет на уредувањето;
2.Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
3.Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;
4.Приходи за финансирање на Програмата;
5.Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште;
6.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба;
7.Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата;
8.Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на техничка документација за изградба на инфраструктурни објекти;
9.Динамика на извршување на Програмата;
10.Преодни и завршни одредби

**1.Простор кој е предмет на уредувањето**

Како простор што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на подрачјето на Општина Прилеп, утврдено со Генералниот урбанистички план на Прилеп, деталните урбанистички планови и градежното земјиште утврдено со урбанистичка документација на населените места, урбанистичките планови вон населени места и општите акти што ги заменуваат плановите.

**2.Обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште**